**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп.1 бр. 11-7059**
**26.12.2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14) и Извештајот од вонредниот програмски надзор на Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, подружница Дебар, бр.11-6551/1 од 25.12.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради рееемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, подружница Дебар, Директорот на Агенцијата на ден 26.12.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси**

**1.** СЕ ОПОМЕНУВА Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, подружница Дебар, заради повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14) сторена на ден 23.12.2014 година, односно поради реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани во аналогниот програмски пакет од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Канал 3 и Dibra TV.

**2.** МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, подружница Дебар, веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниве нерегистрирани телевизиски програмски сервиси, и тоа: Канал 3 и Dibra TV, и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**3.** Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

**4.** Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 23.12.2014 година, изврши вонреден програмски надзор на програмските сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, подружница Дебар, при што констатираше дека е направена повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), на начин што Друштвото за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, подружница Дебар, реемитувало телевизиски програмски сервиси кои не се регистирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Повредата се состои од реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Канал 3 и Dibra TV.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1, и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот бр. 11-6551/1 од 25.12.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземење мерка-опомена, со цел исклучување на реемитувањето на нерегистрираните програмски сервиси и усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, подружница Дебар, постапил по налогот односно опомената и престанало со реемитување на програмските сервиси во својот

програмски пакет, кои не се регистрирани во Агенцијата, а се наведени во точка 1 и 2 на ова решение.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог** (1)

1. Писмен извештај за извршен вонреден програмски надзор бр. 11-6551/1 од 25.12.2014 година.

Доставено до:
- Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево;
- Управителот на Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево;
- Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.